## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ВОСТАНОВУВАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ЗА ГЕОДЕТСКИТЕ И ЗА ИНФОРМАТИЧКИТЕ РАБОТИ ЗА 2018 ГОДИНА

КАТАСТАР

Скопје, Јануари 2018 година

Врз основа на член 10, став 2 од Правилник за начинот на остварување меѓународна соработка, спроведување консултантски услуги и обуки и за начинот на распределба и користење на приходите („Сл. весник на РМ“ бр. 132/13), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ВОСТАНОВУВАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ И ЗА ГЕОДЕТСКИТЕ И ИНФОРМАТИЧКИТЕ РАБОТИ

Агенцијата за катастар на недвижности ја изготви оваа програма со цел стекнување на нови знаења и следење на современите текови во техниките на работењето за професионалните корисници од областа на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите и за геодетските и информатичките работи. Преку оваа годишна програма ќе се обезбеди успешна имплементација на законската регулатива, запознавање со новите системи и сервиси од областа на геодетско-катастарскиот информациски систем, преку организирање и одржување обуки за овластените геодети, професионалните корисници, надлежните органи и институции.

## I. ЦЕЛНИ ГРУПИ И ВИДОВИ ОБУКИ

Годишната програма за обуки е наменета за:

- овластените геодети;
- професионалните корисници (нотари, извршители, проценители, општини итн.).

Годишната програма предвидува два типа обуки зависно од целните групи, и тоа:

- обуки за овластените геодети со цел реализација на годишната програма за нивна континуирана обука (Табела 1); и
- обуки за професионалните корисници (Табела 2).

## II. ТРОШОЦИ

Трошоците за обука се утврдени согласно со Правилникот за начинот на остварување меѓународна соработка, спроведување консултантски услуги и обуки и начинот на распределба и користење на приходите.

## III. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ

Начинот на спроведување на обуките се врши согласно со одредбите од Правилникот за начинот на остварување меѓународна соработка, спроведување консултантски услуги и обуки и за начинот на распределба и користење на приходите.

Оваа програма ќе се објави на веб-страницата на Агенцијата за катастар на недвижности (www.katastar.gov.mk), а ќе се применува од јануари 2018 година.

- Организаторот го задржува правото на измена на темите за обуки на овластените геодети, согласно со потребите/барањата на Комората на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи на Република Македонија.

Изготвил:
Стефанија Анастасовска
Контролирал:
Бојан Анастасов
Одобрил:
Лидија Крстевска

**В.Д. ДИРЕКТОР**

**м-р БОРИС ТУНЦЕВ**